**Г р а д   С к о п ј е**

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за заштита на животната средина |
| **Претставник:** | Секретар на Град Скопје |
| **Повереник:** | Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина |

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување електрични тротинети во 2023 година

Скопје, мај 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 05/02), а во врска со Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.07/23) Советот на Град Скопје, на __________ седница, одржана на ___________ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување електрични тротинети во 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување на електрични тротинети во 2023 година.

**Член 2**

Поединечна субвенција за купување електричен тротинет по лице се утврдува во максимален износ од 6.000,00 денари по лице, во кој е вклучен данок на личен доход.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши врз основа на доказ дека е извршено купување на еден нов електричен тротинет од Република Северна Македонија, и тоа со оригинал фискална сметка издадена во Република Северна Македонија, со датум од 01.01.2023 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување електрични тротинети, но не подоцна од 31.10.2023 година, при што задолжително е тротинетот да е целосно отплатен. Плаќањето на рати не се прифаќа.

**Член 3**

За субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје при купување електричен тротинет се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во Програма Р1 Заштита на животната средина, Буџет на

Сектор за заштита на животната средина Р1, во вкупен износ од 6.000.000,00 денари.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје  за купување на електричен тротинет.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________
__.__.2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на оваа одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), со кој е уредена надлежноста на Советот на Град Скопје да носи одлуки. Согласно Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.07/23), една од предвидените активности е субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за електрични тротинети во 2023 година.

Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање сообраќајот продолжува да биде значаен извор на емисија на високи количества загадувачки супстанци. Во нашата земја, најголеми количини на емисии на азотните оксиди се емитираат од категоријата транспорт со 39% од вкупните емисии. Согорувањето на фосилните и биогоривата кај моторните возила го намалуваат квалитетот на амбиентниот воздух бидејќи дополнително емитираат и ПМ честички кои достигнуваат високи концентрации во градот Скопје. Сообраќајот претставува значаен извор во концентрациите на суспендирани честички и се проценува дека придонесува за 16-19% во вкупните концентрации на суспендирани честички во градот.

Со донесувањето на предложената одлука Советот на Град Скопје во рамките на своите законски надлежности придонесува кон намалување на интезитетот на сообраќај во градот во однос на возилата на фосилни горива. Со ова се намалуваат емисиите на штетните честички во воздухот и се унапредува квалитетот на животната средина.

Со предложената одлука, Советот на Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за набавка на електрични тротинети во 2023 година во максимален износ од 6.000,00 денари по лице во кој е вклучен данок на личен доход и воедно го овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување електрични тротинети.

За реализација на овој проект, во Буџетот на Град Скопје за 2023 година во Програма Р1, се предвидени 6.000.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување електрични тротинети.

Од наведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе одлуката за определување на износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување електрични тротинети во 2023 година.